# ПРИЛОГ КОН БИБЛИОГРАФИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 3 (БМЈ 3)

## ОД УРЕДУВАЧКИОТ ОДБОР

Предавајќи го на читателите третиот том од серијата *Прилог кон библиографијата на македонскиот јазик* потсетуваме на фактите изнесени во *Предговорот* на претходниот, втор том, за настанокот на оваа серија.

Во 1953 година Божидар Видоески, тогашен асистент при Катедрата за македонски јазик на (тогаш) Филозофскиот факултет во Скопје ја има објавено толковната библиографија на публикации, заклучно со 1952 година, кои се однесуваат на структурата на лексичкиот фонд на македонскиот јазик под наслов *Прилог кон библиографијата на македонскиот јазик (*Видоески, Божо: *Прилог кон библиографијата на македонскиот јазик* [1]. – Скопје : Институт за македонски јазик, 1953. – 136с.). Понатаму, тој продолжува да ги собира библиографските податоци кои се однесуваат на лингвистичката македонистика во форма на картотека. Од 1973 година во таа работа на академик Видоески му помага Милева Милев, тогашен раководител на библиотеката на МАНУ. Од 1983 година во средување и дополнување на *Картотеката на македонистичката библиографија* учествува и академик Зузана Тополињска. Тогаш, по иницијатива на академик Видоески е извршена и подготвена и првата варијанта на мериторна класификација. За жал, од кадровски причини работата врз *Картотеката* прекинала во 1986 година.

Нареден период, шанса за реанимација на грижливо собираната *Картотека на македонистичката библиографија* се создаде со оформувањето на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика (ИЦАЛ) при Македонската академија на науките и уметностите и во 2000 година се реализира идејата за досредување и објавување на материјалите од *Картотеката*, како континуитет на објавениот том од Божидар Видоески *Прилог кон библиографијата на македонскиот јазик* во далечната 1953 година. Како издание на ИЦАЛ при МАНУ во 2002 година излезе од печат *Прилог кон библиографијата на македонскиот јазик 2 (1954–1970)* / уредувачки одбор: Зузана Тополињска, Милица Миркуловска, Соња Миленковска. – Скопје : МАНУ. ИЦАЛ, 2002. – 199с., врз база на старата *Картотека*, при што сите податоци се верификувани и материјалот е среден според прифатените принципи на современата библиографска обработка. Томот брои 1521 позиција (заради економичност и поголема прегледност приказите се наведени при матичната позиција и се вон овој број) + Индекс на имиња (Индекс на автори, редактори, приредувачи, преведувачи (кирилица и латиница) и Индекс на имиња вклучени во насловот на библиографската позиција (кирилица и латиница)). Библиографскиот материјал се дава со оригинална ортографија (кирилица и латиница) на јазикот на кој е напишана библиографската единица. Истиот е среден според годишта и внатре во секое годиште е запазена класификација.

Третиот том од серијата *Прилог кон библиографијата на македонскиот јазик*, плод на исцрпна и стрплива работа, се јавува во континуитет со извесни дополнувања во класификацијата, што се наметна од самиот материјал присутен во *Картотеката на македонистичката библиографија*. Работата врз него започна речиси веднаш по завршувањето на претходниот, втор том со што се надеваме дека го задржавме воспоставениот континуитет и го исполнивме нашето ветување кон корисниците.

Поради карактерот и обемот на материјалот тимот на обработка на податоците во овој том е малку поголем. Работата врз томот продолжи под раководство

на академик Зузана Тополињска (одговорен уредник) и на д-р Милица Миркуловска, вонреден професор при Катедрата за славистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во внатрешното подредување и внесувањето на податоците од *Картотеката на македонистичката библиографија* за периодот 1971–1985 учествуваше Александра Стојановиќ, дипломиран славист и англист, волонтер во ИЦАЛ во периодот од јуни до септември 2003 година. Потоа следеше етапа на проверка и дополнување на податоците од *Картотеката* во која се вклучи Анита Бучевска, дипломиран славист, волонтер во ИЦАЛ во периодот од септември 2003 до јули 2004, до конечното оформување на томот. Самиот карактер на материјалот бараше разработка на класификацијата во делот 3. Историја. Во овој дел од работата, како консултант беше вклучена и д-р Лилјана Макаријоска, виш научен соработник во Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. На крајот томот нарасна на 3614 позиции (во кои не се сметаат приказите, кои се дадени под матичната библиографска единица).

Исто како и во претходниот том 2. на *Прилогот* и во овој том 3. се вклучени некои славистички и балканистички трудови кои биле присутни во *Картотеката*, а во кои значајно место зазема описот на македонските состојби.

Со овој том 3. од *Прилогот* можеме да кажеме дека успеавме да ја ажурираме долгорочно зацртаната програма за работа од академик Видоески, а со наши усилби и грижа на раководителот на ИЦАЛ при МАНУ академик Зузана Тополињска се надеваме дека ќе бидеме во состојба да го реализираме наскоро и томот 4 од Прилогот за периодот 1986‡2000.

Се надеваме дека во догледно време со соодветна финансиска помош и поддршка *Базата на податоци* на *Прилогот кон библографијата на македонскиот јазик* ќе биде достапен и на Интернет.

*Скопје, јули 2004*